МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Октомври 2011

БРОЈ 123

## Кривопаланчани имаа плодна дискусија за проблемите

На втората форумска сесија што се одржа на 20 октомври 2011 година, граѓаните на Крива Паланка идентификуваа голем број проблеми кои се дел од избраната тема Локален економски развој/инфраструктурно уредување на градот и населените места во општината во функција на економскиот развој.

Проблемите беа групирани во пет групи и тоа: инфраструктурно уредување на градското подрачје; на руралното подрачје; водоснабдување и санитација; изградба и реконструкција на објекти од јавен интерес и спорт и рекреација.

Присутните граѓани, на работните маси дискутираа за проблемите и за дел од нив понудија решенија кои би можеле понатаму да се развијат до предлог проекти кои би се финансирале од буџетот на Форумите во заедниците. Најголем дел од нив се однесуваа на уредување на централното градско подрачје, реконструкција на улицата од Старата чаршија до Градскиот пазар и уредување на коритата на Крива Река и на Дурачка Река. „Добро е што е избрана темата за локален економски развој затоа што граѓаните се соочуваат со многу проблеми од оваа област“, вели Добри Јовевски. Ова се навистина критични локации и проблеми, кои им создаваат големи потешкотии на граѓаните“, додаде тој.

Интересот да се придонесе кон решавањето на проблемите можеше да се види не само од големото присуство на граѓани на форумската сесија, туку и од интересот за учество во работните групи кои понатаму ќе ги развиваат предложените решенија во посебни концепти.

До третата форумска сесија што ќе се одржи на 10 ноември 2011 година работните групи ќе подготват пет концепти.



# Спорот за името Македонија - ставови на јавноста во Македонија -

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија (ИДСЦС) спроведоа ново истражување за спорот за името Македонија. Истражувањето беше презентирано на прес конференцијата, која се одржа на 20 октомври, во х. Холидеј ин во Скопје.



Истражувањето покажа дека скоро половина граѓани се цврсто против било каква промена на името (45,3 %), а 39,6 % имаат став да се зачувува името и по цена на застој. Со „не“ би гласале 58,4% од граѓаните на можен референдум за име за севкупна меѓународна употреба. Во тек е национално обединување околу спорот со името. Граѓаните од сите етнички и партиски припадности ја бранат црвената линија за идентитетот и бараат одлука за името на референдум.

Постои мал прозорец за компромис, можно по одлуката во Меѓународниот суд за правда (36,9 % граѓани очекуваат одлука во корист на Македонија). На 40,5% граѓани важни им се евроатлантските интеграции, и мислат дека треба да се прифати компромис со Грција кој нема да го загрози македонскиот идентитет, култура и јазик. Можни компромиси се „двојна формула“ (20,8%) и договорено име за меѓународни организации (19,2%). Мнозинство граѓани сакаат решение за една година но, повеќето решението го очекуваат на средни или долги патеки или никогаш. Можниот модел за прифатлив компромис за граѓаните, иако во истражувањето е со малцинска поддршка, е „Северна Република Македонија“ или „Република Македонија (Скопје)“, како договорено име за употреба во меѓународните организации (ООН, ЕУ и НАТО).

Идентитетот е гранитна црвена линија - мнозинство граѓани (69,4%) се против дефинирањето во ООН на националноста/државјанството на пример како „граѓани на Република Северна Македонија“. Големо мнозинство (74 %) на граѓани и етнички Македонци (87 %) и повеќето граѓани од сите етнички припадности се против додефинирањето на јазикот во ООН на пример како македонски јазик (официјален јазик на Република Северна Македонија).

Постои консензус дека за името ќе се одлучува на референдум. Мнозинство граѓани (64%), од сите етнички и партиски припадности бараат одлука за името на референдум. Поддршката за референдум е во пораст од декември 2010 г. вклучувајќи и меѓу етничките Албанци. На референдум – 58,4% би гласале против договорено име за севкупна меѓународна употреба, секој четврти граѓанин би се вклучил во самоорганизирани протести против промена на името.

Стравувањата од застој, ризикот од нови отстапки и раскол се мотиви за и против решение. Граѓаните стравуваат дека Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот дури не го уништи македонскиот идентитет (40,4%) и дека ќе има раскол на предавници и патриоти (21,7%). За новите барања можно решение е предлогот од Гералд Кнаус од Европската иницијатива за стабилност (ЕСИ), можниот договор меѓу Грција и Македонија да стапи во сила на денот на прием на Македонија во ЕУ (во НАТО би била примена под времената референца). Второто стравување (раскол), може да се надмине со примена на „Рамковен модел“, односно можниот договор со Грција писмено да биде одобрен од сите главни политички партии.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку теренска анкета од ИДСЦС од 10 до 24 септември 2011 г. на репрезентативен примерок од 1.090 испитаници со +/- 3% грешка.

# Модели за соработка и учество на локално ниво: Компаративен преглед

Публикацијата „Модели за соработка и учество на локално ниво: компаративен преглед“ претставува преглед на законската рамка и практиките на соработка на локалните власти со граѓанските организации во пет европски земји.

Намерата на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е преку оваа анализа да им овозможи на сите засегнати страни како што се граѓанските организации и граѓаните воопшто, локалните самоуправи и сите институции на локално и национално ниво, подобрено разбирање на граѓанското учество во креирањето на политиката и механизми за соработка помеѓу локалната самоуправа и граѓанските организации.

Овој преглед ќе придонесе и кон воспоставување на механизми за соработка во општините во Република Македонија, преку согледување на искуствата од земјите од Европската Унија (Англија и Унгарија) и земјите од регионот (Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија).

Анализата е подготвена од Естер Хартаи (Eszter Hartay) и Катерина Хаџи-Мицева Еванс и двете од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) од Будимпешта. МЦМС ја подготви оваа публикација како дел од проектот „Граѓански дијалог на локално ниво“ кој е финансиран од ЕИДХР од Европската Унија.

## Форумите - можност да се влијае врз одлуките на општината

Граѓаните на Македонски Брод на 19 октомври 2011 година учествуваа на третата форумска сесија.

Присутните 95 граѓани имаа можност да ги слушнат проекциите на приходите на буџетот на општината за 2012 година и да дискутираат за нив.

По приходите, тие ги проследија и презентациите за расходите на Програмата за локален развој; Програмата за социјална заштита и Програмата за заштита на животната средина. Дискусиите како што е вообичаено во еден дел се одвиваа на работните маси од каде што дојдоа и големиот број предлози на граѓаните за секоја од програмите.

Граѓаните со несмален интерес се дел од форумскиот процес. За Милисав Димоски „форумот ја одразува заедницата, односно нејзиниот етнички, професионален, религиозен и друг вид на карактер." За него, вклучувањето на граѓаните во еден ваков процес е посебна придобивка, а нивното учество е можност да се влијае врз одлуките на општината и со самиот тој чин да се гради соработка помеѓу локалната самоуправа и граѓаните. „Најважно е што учеството на граѓаните помага во подобрувањето на општинските услуги кои ги добиваат граѓаните", изјави Димоски.

Румена Стојаноска од селото Латово, придобивката ја гледа во можноста и „селските населби да се вклучат со свои предлози во определувањето на приоритетите во буџетот на општината и така да придонесат за решавање на нивните проблеми."

Следната, четврта форумска сесија во Македонски Брод ќе се одржи на 9 ноември 2011 година.



# Македонија низ очите на новинарите од Северна Ирска

Од 3 до 6 октомври 2011 година МЦМС и Медијација Северна Ирска ја организираа возвратната студиска посета на Македонија за новинари и граѓански активисти од Северна Ирска.



*Учесниците при посетата на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово*

„Дојдов со оваа група за да видам како овде се изместува во постконфликтна ситуација. Ако правиме паралела вашата политичка ситуација е развиена многу побргу отколку нашата. Нам ни требаше повеќе за да стигнеме таму каде што сме отколку на вас", вели Марвин Цес, новинар на ББЦ.

Гостите од Северна Ирска имаа можност да се сретнат со уредниците и новинарите на Алсат-М, Канал 5, Вест, Коха, Нова Македонија и локалните ТВ Кисс и ТВ Арт од Тетово. За медиумите тие разговараа и при посетата на Македонскиот институт за медиуми. „Мојата прва реакција за медиумите во Македонија беше шок", вели Дејвид Томсон, студент по новинарство. „Бројот на медиуми е многу поголем од оној во Северна Ирска и според мене, сегашниот систем не е финансиски одржлив. Многу новинари се под голем притисок она што го прават или зборуваат да биде во согласност со она што им го кажал уредникот, во спротивно можат да бидат заменети. Ова резултира во извештаи кои не се такви како што би требало да бидат", вели Томсон. Она што му го свртело вниманието е што „сите го поддржуваат Охридскиот договор, што е слично со ситуацијата кај нас", вели тој и додава дека Скопје го доживеал како многу гостопримлив и пријателски град. „Не видов многу знаци на поделба или конфликт околу Скопје и Тетово. Тоа е во контраст со Белфаст каде се уште имаме мировни ѕидови кои физички ги делат заедниците", вели тој. За мировните ѕидови, како една од разликите меѓу двете земји, Тони Мекколи, медијатор во мировниот процес, вели дека „дури и сега кога имаме мировен договор и релативен мир, проблемот е во тоа што нашите две заедници како да се навикнаа да живеат така одвоено, како да се така побезбедни бидејќи ѕидовите ги одделуваат од другата заедница. На почеток сме да видиме како ќе ги тргнеме тие ѕидови", додава тој.

Посетата е дел од проектот МОСТ што го спроведуваат овие две организации, а чија цел е да се споделат добрите практики помеѓу клучните институции во Северна Ирска (и пограничните подрачја на Република Ирска) и Република Македонија во четири различни тематски сектори: полиција и правда, локална самоуправа, религија и медиуми.

# Реновирањето заврши - радоста ќе трае!

На 5 октомври 2011 година никој во училиштето Гоце Делчев во Демир Хисар не го криеше задоволството и радоста за новите прозорци и шесте реновирани санитарни јазли – еден од најгорливите проблеми на учениците, родителите и наставниците.

Завршувањето на реновирањето беше одбележано со свечена програма што ја подготвиле учениците и нивните наставници. „Ситуацијата во училиштето беше катастрофална уште кога јас учев во него", вели Бети Коруновска која сега има две деца кои учат во ова училиште. „Време беше некој да обрне внимание на тој важен дел кој директно се однесува на здравјето на учениците". Училиштето е градено пред повеќе од 60 години, а според зборовите на Горан Костовски, директор на училиштето, од тогаш се реновирани само еднаш, во средината на 90-тите години кога на подовите се ставени плочки. „Векот на траење на тоалетите одамна им беше поминат, состојбата беше очајна, а условите за одржување на хигиената многу тешки, додава Костовски.

Во училиштето учат 366 ученици. „Пресреќни се", вели Коруновска, „и малите и големите. Толку многу зборуваат за ова, дури сега откако заврши реновирањето сфативме колку ги тиштел тој проблем". За директорот Костовски споредба меѓу претходната и сегашната состојба не може да се направи, „многу е голема разликата", вели тој.



*Задоволството можеше да си види на лицата на сите присутни на свеченоста*

Костовски е изненаден и од соработката со МЦМС. „Во нашата средина сме немале досега такви активности и таква соработка – многу интензивно, многу коректно и многу брзо се одвиваа контактите и работата и се дојде многу изненадувачки за нас. Не верував дека се ова може да се сработи за еден месец, но праксата ме демантираше.

Проектот го спроведе МЦМС со финансиска поддршка од Сокотаб. Подготовката на проектот, изведбата и надзорот чинеше околу 3.350.000 МКД.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk